

Со одлука на Советот на општина Неготино познатиот поет и романсиер Лазар Манчевски- Пинџур постхумно е прогласен за почесен граѓанин на општина Неготино, а во негово име високото признание му беше доделено на член на неговото потесно семејство. Инаку, Лазар Манчевски е роден на 21 ноември 1922 година во Неготино, Филосовски факултет завршува во Скопје, каде што и работел како советник во Работничкиот унивезрзитет Кочо Рацин. Член е на Друштвото на писатели на Македонија од 1968 година. Автор е на голем број книги меѓу кои и делата Песни за татковината, Поцврсти од камен, Делото на едно дете, Градот и љубовта, Дијалектика на празникот, Пред новото време, Болка во одот, Татко, кажи ми и многу други. Лазар Манчевски починал во 1997 година во Скопје. Клучот од градот на член од неговот семејство му го врачи градоначалникот на општина Неготино Ванчо Апостолов.

